13-8533/2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр 13-8533/2
08-07-2014 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 26, член 35 став 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13 и 41/14), министерот за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

### за почеток со работа на студиските програми од прв и втор циклус студии на единиците во состав на Меѓународен Славјански универзитет „Г. Р. Државин"– Свети Николе

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за работа на студиските програми од прв циклус тригодишни студии по Безбедност при работа и Безбедност од пожар на Факултет за безбедносно инженерство, студиските програми од прв циклус тригодишни студии по Софтверски технологии и Компјутерски системи и мрежи на Факултетот за информатика, студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Психологија и на втор циклус едногодишни и двегодишни магистерски студии по Психологија-Клиничка и советодавна психологија и Психологија-Психологија во социјална заштита на Факултетот за психологија, студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии по Финансии и кредит и Менаџмент на организацијата и на втор циклус на едногодишни студии по Маркетинг менаџмент и Менаџмент на човечки ресурси во мали и средни претпријатија на Факултетот за економија и организација на претприемништвото и студиските програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Безбедност при работа и Безбедност од пожар на Факултет за безбедносно инженерство при Меѓународен Славјански универзитет „Г. Р. Државин"–Свети Николе

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

### Образложение

По добиените, од страна на Одборот за акредитација, Решение бр.17-338/3 од 10.01.2013 година за трансформација на приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански институт „Г. Р. Државин"–Свети Николе во Меѓународен Славјански универзитет „Г. Р. Државин"–Свети Николе, Решение бр.17-290/6 од 17.06.2013 година за акредитација на студиските програми од прв циклус тригодишни студии по Безбедност при

работа и Безбедност од пожар на Факултет за безбедносно инженерство, Решение бр.17-288/6 од 10.07.2013 година за акредитација на студиски програми од прв циклус тригодишни студии по Софтверски технологии и Комјутерски системи и мрежи на Факултетот за информатика, Решение бр. 17-289/4 од 05.04.2013 година за усогласување и акредитација на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Психологија и на втор циклус едногодишни и двегодишни магистерски студии по Психологија-Клиничка и советодавна психологија и Психологија-Психологија во социјална заштита на Факултетот за психологија, Решение бр. 17-391/3 од 10.01.2013 година за усогласување и акредитација на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии по Финансии и кредит и Менаџмент на организацијата и на втор циклус на едногодишни студии по Маркетинг менаџмент и Менаџмент на човечки ресурси во мали и средни претпријатија на Факултетот за економија и организација на претприемништвото и Решение бр.17-200/7 од 17.06.2013 година за акредитација на студиските програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Безбедност при работа и Безбедност од пожар на Факултет за безбедносно инженерство, Приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански институт „ Г. Р. Державин " –Свети Николе се обрати со барање бр. 03-845/1 од 10.07.2013 година, до Министерството за образование и наука, под наш бр. 13-9798/1 од 15.07.2013 година, за утврдување на исполнетоста на условите за горенаведените студиски програми од прв и втор циклус на студии..

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 13-9798/2 од 23.08.2013 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв и втор циклус студии на Приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански институт „Г. Р. Державин" –Свети Николе, трансформиран во Меѓународен Славјански универзитет „Г. Р. Державин" –Свети Николе.

Комисијата на ден 06.05.2014 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 13-8533/1 од 08.05.2014 година, каде е наведено дека се исполнети условите за почеток со работа на горенаведените студиски програми од прв и втор циклус студии, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

Доставено до:
- Примач
- Архива

изработил: Биљана Зафировска
контролирал: Борче Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити